| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Во нашата градинка |
| **Содржина на денот** | Мојата најубава градинка |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилни хигиенско однесување при кашлање, кивање. Како да се заштитиме ние и како да ги заштитиме другите околу нас (секогаш кога киваме или кашламе да ја покриеме устата слика 1 и 2). |
| **Активности** | 1. Мојата најубава градинка<br>Активностите ќе ги започнеме со разговор по слики, на кои е претставена градинка со деца на игралиште(слика 3 и 4). Ќе поведеме разговор за нашата градинка, колку е убава и колку ни недостасува дружењето со другарчињата и учителките. Ќе се води разговор и ќе се поттикнуваат децата да се потсетуваат на убавите случки и што најмногу им недостига од градинката.<br>Затоа ќе им предложиме да ја нацртаат својата градинка по сеќавање со дрвени боички на листови од блок (слика 5).<br>Но може да им понудиме и комбинирана техника- каде родителот ќе му помогне на детето од лист од блок да ја исече контурата на градинката (слика 6,7, 8) и детето по своја желба да ја бои и декорира.<br>- Доколку детето има интерес за активноста може и на однапред направен шаблон да изработи, односно со лепило да ги залепи однапред исечените геометриски фигури(слика9). Која варијанта да ја понудите на детето ќе се забавувате, учите и детето ќе се радува на својот вложен труд. |